На ден 04.02.2018 год. во организација на Граѓанската иницијатива за Национална, културна и Европска интеграција на Македонскиот народ “НЕ – ИМА”, за време на одржувањето на семакедонските средби по повод роденденот на револуционерот Гоце Делчев, Ние, претставниците на Г.И ”НЕ –ИМА” и претставниците на Македонските оранизации од соседните земји и дијаспората ја донесовме следната:

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

За зачувување и зајакнување на историскиот, културниот и јазичниот идентитет на припадниците на Македонскиот народ во Р.Македонија и надвор од неа, и унапредување на правата на македонското малцинство во соседните земји Грција , Албанија, Бугарија, и Србија , на сопствен идентитет , јазик и култура со апел до:

Владата на Република Македонија и до Владите на соседните држави и до сите страни инволвирани во преговорите поврзани со проблемот на Република Грција што го има со нашето уставно име , да направат конкретни чекори кон создавање клима за меѓусебна доверба и соработка и решавање на сите меѓусебни отворени прашања меѓу кои :

1. Зачувуање на историскиот,културниот и јазичниот континуитет на припадниците на македонскиот народ во Р. Македонија и надвор од границите на Р.Македонија

2 Признавање и подобрување на граѓанските права на македонците во соседните земји, посебно правата на изразување на сопствениот национален идентитет, јазик и култура.

3.Овозможување на правото на образование на сопствен јазик и правото на културно и политичко организирање за потребите на граѓаните со македонска националност во соседните држави и пошироко.

Прилеп, 04.02.2018г.

Потписници:

1. Г.И “НЕ – ИМА” – Прилеп, Р.Македонија

2. “Македонска Алијанса за Европска интеграција” – Република Албанија

3. “Заедница на македонците” во Република Хрватска

4. “Совет на македонците” во Република Србија

5. “ОМО Илинден” – Република Бугарија

6. “Виножито” – Република Грција

7.“Заедница на Македонците со муслиманска религија” – Република Македонија

8. Заедница на македонците “Гора” – Косово

9.“Македонско Друштво” – Измир, Република Турција